
ОПШТИНА
ГАЗИ БАБА
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

ОПШТИНА
ГАЗИ БАБА



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,<br>
Христијан Мицкоски

Почитувани граѓани,

Кога за прв пат во 2021 година ми ја дадовте Вашата доверба да бидам градоначалник на Општина Гази Баба тоа за мене беше чест и задоволство, а истовремено и голема одговорност.

Општината ја затекнав со многу проблеми, но наместо да се жалиме, со мојот тим одлучивме да работиме и да ја менуваме сликата за нашата Гази Баба.

Денес, после четири години одговорна, посветена, а пред се чесна работа без воопшто да се двоумам ќе кажам дека успеавме.

Инвестиравме во сите области од општественото живеење.

Нови детски градинки, ново училиште, Дом на културата, 32-километри фекална канализација, 170-асфалтирани и поплочени локални улици, нови спортски сали, нови спортски центри, фитнес-зони, спортски терени, 70-детски забавни катчиња, бесплатни униформи за сите 6800 ученици, субвенции за инвертер клима уреди, печки на пелети, велосипеди, електрични тротинети, вградување на уреди на течен нафтен гас во возилата, сончеви колектори, чистење на оџаци, стерилизација на домашни миленици, 5000 денари за секое новороденче, 3000 денари за секое прваче, стипендии за најдобрите ученици и уште многу други проекти кои се реалност.

Работевме напорно секој ден за да го реализираме секој еден проект, а со тоа да го подобриме Вашиот живот.

Реализиравме 670 проекти. Нема населено место во општината и нема граѓанин кој не ја почувствувал промената кон подобро.



Почитувани мои сограѓани,

Пред Вас е Програмата за локалните избори во октомври 2025 година со која ја барам Вашата поддршка за втор мандат за градоначалник на Општина Гази Баба.

Оваа Програма е патоказ по кој ќе продолжи развојот на нашата Гази Баба кој започна пред четири години.

Стојам пред Вас со гордо кренала глава и чист образ и ја барам Вашата доверба.

Не за да владеам, туку за да работам. Мојата цел уште во 2021 година не беа личните привилегии кои ги нуди позицијата, туку можноста да работам одговорно и посветено со цел реализација на што повеќе проекти.

Доказ за тоа е фактот што сум единствениот градоначалник кој во својот мандат нема користено службено возило од Општината ниту еден ден, ниту пак има потрошено финансиски средства од Буџетот на Општината за репрезентација.

Драги мои сограѓани,

Во годината пред нас, Општина Гази Баба ќе одбележи 50 години од своето

постоење. Ова е голем и значаен јубилеј, половина век постоење на нашата Гази Баба.

Со влегувањето во педесетата година од постоењето, заедно со Вас граѓаните ќе започнеме една нова страница од историјата на нашата Гази Баба.

Оваа програма која е пред Вас и ја пишувавме заедно за време на караванот за идеи „Твоја идеја, заедничка иднина – За Гази Баба која повеќе не запира" е токму тоа, патот до испишувањето на нова историја за нашата Општина, нашиот втор дом.

Во неа се испишани Вашите идеи, иницијативи и предлози, но и мојата визија за модерна, урбана и зелена Гази Баба која во следните четири години ќе прерасне во реалност.

Доказ дека стојам на дадениот збор и го исполнувам ветеното е програмата од минатите избори која е реализирана 87%, а гаранција дека она што е испишано во оваа програма ќе се реализира е отчетот кој го дадов пред Вас.

Гази Баба нема време за губење и враќање назад. Чекориме по јасно утврден пат, патот на развојот.

Имам план, визија и сила за нови проекти и нови дела за нашата Гази Баба.

Ќе победи развојот!

Ќе победат делата!

Ваш,
Бобан Стефковски

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Виктор Трпевски - Носител на листа
2. Виолета Здравевска
3. Владимир Бојанов
4. Филип Анастасов
5. Крстена Јовановска
6. Сибела Маркова
7. Дејан Боневски
8. Жарко Здравковски
9. Оливера Станишковска
10. Тоше Столески
11. Зоран Цветковски
12. Елена Тасевска
13. Јорданчо Тодосиев
14. Мартин Десподовски
15. Тања Ѓорѓиевска
16. Гордана Јовиќ Стојковска
17. Новица Томевски
18. Оливер Стојановски
19. Валентина Петровска
20. Гоце Миновски
21. Анита Цветановска Милевска
22. Борис Трајковски
23. Емилија Ивановска
24. Мирче Зафировски
25. Ева Смилевска
26. Виолета Тимчевска Ивановска
27. Иван Ристовски



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ЗА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА 2025-2029 ГОДИНА

Водени од потребите на граѓаните и визијата за современа, функционална и развиена Општина Гази Баба, ВМРО-ДПМНЕ предлага јасна и остварлива програма со приоритетни проекти кои ќе донесат видливи и трајни промени во Гази Баба. Овие проекти се насочени кон подобрување на инфраструктурата, животната средина, образованието, комуналните услуги и локалниот економски развој. Со реализација на приоритетните проекти, Гази Баба ќе стане подобро место за живеење, работа и раст на секое семејство.

## ➤ ИЗГРАДБА НА 4 НОВИ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ: ХИПОДРОМ 2, КЕРАМИДНИЦА, СИНГЕЛИЌ И МАЏАРИ

Изминатиот период посветивме големо внимание на детската заштита, а за тоа говори фактот што во завршна фаза е изградбата на новите детски градинки во Трубарево и Инџиково, а започнуваме со градба и на уште две градинки во Сингелиќ и помеѓу Маџари и Керамидница. Во насока на целосно задоволување на потребите на родителите за згрижување на нивните дечиња во детските градинки ќе го зголемиме капацитетот на детските градинки во Општина Гази Баба со изградба на уште четири нови детски градинки во Хиподром 2, Керамидница, Сингелиќ и Маџари.

## ➤ НУЛА КОМУНАЛИИ ЗА ИЗГРАДБА НА КУЌА ЗА МЛАДИ БРАЧНИ ПАРОВИ ДО 29 ГОДИНИ

Со цел поттикнување на младите да останат и да го градат својот живот во нашата Гази Баба, ќе ја реализираме мерката за ослободување од обврската за плаќање на комуналии за изградба на семејни куќи за сите млади брачни парови до 29 години. Со овој проект директно се помага на младите брачни парови во остварувањето на својот најголем предизвик за обезбедување на сопствен дом.

## ➤ ЗАЕДНО ДО ЕНЕРГЕТСКИ – ЕФИКАСНИ ФАСАДИ

Со цел намалување на потрошувачката на енергија, заштитата на животната средина и подобрување на квалитетот на живеење ќе го реализираме проектот за субвенционирање на изградба на енергетски ефикасни фасади на колективните станбени згради во Општина Гази Баба.

## ОТВОРАЊЕ НА ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА И ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

За подобрување на условите за живот, социјалната интеграција и поддршката на семејствата, ќе отвориме Дневен центар за деца и лица со попреченост со индивидуален третман. Ова ќе биде место исполнето со грижа, љубов и поддршка, каде ќе се работи со индивидуален третман со секое дете и секој поединец, прилагоден на неговите потреби. Децата ќе добијат стручна нега и можност да ги развиваат своите таленти и вештини. Родителите ќе имаат поддршка и сигурност дека нивните најмили се во безбедна и професионална средина.

## ЗАТВОРАЊЕ И РЕМЕДИЈАЦИЈА НА „ВАРДАРИШТЕ“

Депонијата „Вардариште“ со децении претставува едно од најголемите еколошки жаришта во Скопје. Проектот има за цел конечно затворање и расчистување на депонијата „Вардариште“, согласно физибилити студија за посебен третман на Градот Скопје. На местото на депонијата ќе се изградат парковски елементи на површина од 300 000 метри квардатни. Овој проект ќе се реализира во соработка со Градот Скопје под чија надлежност е оваа депонија.

## ИЗГРАДБА НА МОСТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА МАЏАРИ И НОВО ЛИСИЧЕ КАЈ „ВАРДАРИШТЕ“

Изградбата на нов мост преку реката Вардар кој ќе ги поврзе Ново Лисиче и Маџари претставува капитален инфраструктурен проект со огромно значење за целиот град. Овој мост ќе го растерети сообраќајот и ќе ја олесни секојдневната мобилност на граѓаните. Овој проект ќе се реализира во соработка со Град Скопје.

## ИЗГРАДБА НА КАТНИ ГАРАЖИ ВО АВТОКОМАНДА И ЧЕНТО

Со цел подобрување на сообраќајната инфраструктура, решавање на проблемот со недостатокот на паркинг простор и унапредувањето на урбаната средина ќе изградиме катни гаражи во Автокоманда и Ченто. Реализацијата на овој проект има повеќекратни придобивки: зголемување на капацитетот на паркинг-места, подобрување на сообраќајната безбедност, развој на урбаната средина и долгорочна корист на граѓаните.

## ИЗГРАДБА НА НОВА НАСЕЛБА ЗА ИНДИВИДУАЛНО ДОМУВАЊЕ ПОМЕЃУ ХИПОДРОМ 2 И ТРУБАРЕВО

Со цел обезбедување на квалитетно домување и развој на Општина Гази Баба предвидуваме изградба на нова населба за индивидуално домување помеѓу Хиподром 2 и Трубарево. Населбата ќе нуди парцели за изградба на индивидуални куќи, а општината ќе обезбеди сообраќајна инфраструктура, водоснабдување, фекална и атмосферска канализација.

## ПРОШИРУВАЊЕ НА БУЛЕВАРОТ „АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ“ ОД АГРОСЕРВИС ДО АСУЦ

Проектот за проширување на булеварот „Александар Македонски“ од Агросервис до АСУЦ има за цел да го подобри сообраќајниот проток и да обезбеди побрзо, побезбедно и поефикасно движење на возилата. Проектот предвидува изградба на една сообраќајна лента. Овој проект ќе се реализира во соработка со Градот Скопје.

## ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО РАШТАК, БУЛАЧАНИ, ВИНИЧЕ, БРЊАРЦИ И ЕРГЕЛЕ

Населените места Раштак, Булачани, Виниче, Брњарци и Ергеле децении station наназад се соочуваат со недостиг на организиран систем за отпадни води. Поради тоа овој проект предвидува изградба на современ систем на фекална канализација кој ќе обезбеди трајно и одржливо решение за управување со отпадните води.

## ДОИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ИДРИЗОВО И ДРМА

Овој проект предвидува доградба на новата мрежа на фекална канализација која започнавме да ја градиме за населените места Идризово и Дрма.

## ВОДОСНАБДИТЕЛЕН СИСТЕМ ЗА СМИЛКОВЦИ И ЦРЕШЕВО

Овој проект предвидува изградба на водоснабдителен систем за населените места Смилковци и Црешево поврзан директно на мрежата на ЈП Водовод и канализација. Реализацијата на овој проект претставува инвестиција во иднината на населените места Смилковци и Црешево. Проектот ќе се реализира во соработка со Град Скопје.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ВОДОСНАБДУВАЊЕТО ВО РАШТАК, БУЛАЧАНИ И СТРАЧИНЦИ

Со цел обезбедување на стабилно и квалитетно водоснабдување за жителите на Раштак, Булачани и Страчинци ќе го реализираме проектот за изградба на бушотини за вода. Со изградбата на дополнителните бушотини ќе се обезбеди сигурен и континуиран извор на вода со што ќе се намали ризикот од недостаток на вода.

## ИЗГРАДБА НА НОВ „ЗЕЛЕН ПАЗАР“ ВО ЖЕЛЕЗАРА

Целта на проектот е да се обезбеди модерен, уреден и безбеден „Зелен пазар“ кој ќе им овозможи на жителите од Железара пристап до свежи и квалитетни земјоделски производи, а на локалните производители и трговци подобри услови за работа. Со реализацијата на овој проект ќе се обезбеди уреден простор со модерна инфраструктура и санитарни услови, подобра организација на продажбата и поттик за локалните земјоделци и мали бизниси преку обезбедување на стабилно и достапно место за пласман на производи.

## ИЗГРАДБА НА НОВА АМБУЛАНТА ВО АВТОКОМАНДА

Целта на проектот е да се обезбеди достапна, современа и квалитетна здравствена услуга за жителите на Автокоманда и околните населени места. Со изградбата на нова амбуланта ќе се овозможи брз и лесен пристап до здравствена заштита за сите граѓани, унапредување на примарната здравствена услуга преку современо опремени простории и медицинска опрема и подобри услови за превентивна заштита, редовни прегледи и итни интервенции.

## КОМПЛЕТНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГОЛЕМИТЕ ЛОКАЛНИ УЛИЦИ

Во насока на подобрување на сообраќајната инфраструктура и квалитетот на секојдневното живеење на граѓаните ќе го реализираме проектот за комплетна реконструкција на големите локални улици. Ќе ги реконструираме ул. „Лазар Поп Трајков" во Автокоманда, ул. „Анри Барбис" и ул. „Карл Хрон" во Триангла, ул. „Срećко Пужалка" и ул. „Финска" во Ченто, ул. „Пехчевска" во „Хиподром", ул. „2" и ул. „18" во Инџиково, ул. „Трајко Китанчев", ул. „10" и ул. „3" во Јурумлери и други.

## ИЗГРАДБА НА БАЗЕН ВО АВТОКОМАНДА

Со цел унапредување на спортската инфраструктура, подобрување на здравствените навики и создавање нови можности за рекреација во слободно време ќе изградиме базен во Автокоманда. Првенствено базенот ќе биде наменет за користење од страна на учениците од општинските основни училишта. Со тоа ќе создадеме услови во рамките на редовната настава по физичко и здравствено образование да се воведе пливањето како задолжителна спортска активност. По завршување на наставните активности, базенот ќе биде достапен за сите граѓани кои ќе можат да го користат за рекреација, спортска активност и здравствена превенција.

## ИЗГРАДБА НА КЛУЧКА КАЈ ХИПОДРОМ 2

Изградбата на нова клучка кај Хиподром 2 претставува стратешки инфраструктурен проект кој има за цел значително подобрување на сообраќајната поврзаност. Проектот предвидува изградба на клучка на булеварот „Александар Македонски" кај Хиподром 2 со излезно – влезни ленти. Овој проект ќе се реализира во соработка со Градот Скопје.

## ИЗГРАДБА НА 40 НОВИ ДЕТСКИ ЗАБАВНИ КАТЧИЊА

Со цел обезбедување на безбедни, современи и функционални простори за детска забава ќе го реализираме проектот за изградба на 40 нови детски забавни катчиња насекаде низ Општина Гази Баба. Со реализација на проектот ќе обезбедиме безбедна и квалитетна детска игра преку поставување на најсовремени детски реквизити, поттикнување на здрави навики, физичка активност и дружење помеѓу децата и подобрување на јавните простори.



# ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

## МОБИЛНОСТ И ИНФРАСТРУКТУРА

Квалитетната инфраструктура и подобрената мобилност се клучни предуслови за динамичен урбан развој и подобар секојдневен живот. Инвестираме во модерни и безбедни патишта, нови велосипедски и пешачки патеки, како и во подобрување на јавниот превоз. Со уредена и достапна инфраструктура, Гази Баба ќе стане поудобна, поповрзана и пофункционална општина за сите граѓани.

### ➤ ИЗГРАДБА НА БУЛЕВАР „ХРВАТСКА“ – 1 фаза

Изградба на новопроектираниот булевар Хрватска со неговата придружна водоводна, канализациона и фекална инфраструктура. Со реализацијата на овој капитален проект ќе се реши проблемот со сообраќајниот метеж. Овој проект ќе се реализира во соработка со Градот Скопје.

### ➤ ДОИЗГРАДБА НА БУЛЕВАРОТ АСНОМ

Булеварот АСНОМ е еден од најзначајните сообраќајни правци во Скопје кој претставува главна врска помеѓу општините Гази Баба и Аеродром. Овој проект предвидува доизградба на булеварот АСНОМ. Реализацијата на овој проект ќе ја подигне сообраќајната функционалност во градот. Овој проект ќе се реализира во соработка со Град Скопје.

### ➤ ЦЕЛОСНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ Р-1102 СО ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ И СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ЗА ТЕХНИЧКИ УСПОРУВАЧИ НА СООБРАЌАЈОТ

Регионалниот пат Р-1102 претставува една од најзначајните сообраќајници во Општина Гази Баба која ги поврзува населените места Ергеле, Трубарево, Гоце Делчев, Јурумлери, Колонија, Идризово и Дрма. Со реализацијата на овој проект ќе се изврши целосна реконструкција на коловозот, изградба на пешачки патеки и поставување на технички забавувачи на сообраќајот и соодветна сообраќајна сигнализација. Овој проект ќе се реализира со соработка со Јавното претпријатие за државни патишта.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТОТ ХИПОДРОМ 2 – ИЛИНДЕН

Проектот предвидува целосна реконструкција на коловозот од улицата која оди од новата населба Хиподром 2 кон Општина Илинден и истиот претставува еден од поважните инфраструктурни приоритети за Општина Гази Баба. Овој проект ќе се реализира во соработка со Град Скопје.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ ЈУРУМЛЕРИ – ДРАЧЕВО

Проектот предвидува целосна реконструкција на регионалниот пат Јурумлери – Драчево. Овој пат претставува клучна сообраќајна артерија за жителите од овој дел на општина Гази Баба, но и од поширокиот регион. Овој проект ќе се реализира во соработка со Јавното претпријатие за државни патишта.

## ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКА ПАТЕКА НА КЕЈОТ НА ВАРДАР ДО ЈУРУМЛЕРИ

Целта на проектот е да се обезбеди безбеден, модерен и пријатен простор за пешачење, рекреација и активен одмор за жителите од овој дел на Општина Гази Баба.

## КОМПЛЕТНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. ПЕРО НАКОВ

Со овој проект предвидуваме комплетна реконструкција на улицата „Перо Наков" од раскрсница со булевар „Киро Глигоров" до раскрсница со улица „Вера Радосавлевиќ" во Кирил Петрушевски. Овој проект ќе го реализираме во соработка со Град Скопје.

## ИЗГРАДБА НА ФИЛТЕР-СТАНИЦА ВО БУЛАЧАНИ (ВТОРА ФАЗА)

Изградбата на филтер-станица во Булачани претставува клучен проект за обезбедување квалитетна и безбедна вода за пиење на жителите од ова населено место. Изминатиот период се реализираше првата фаза од изградбата на филтер-станицата, а со овој проект се предвидува нејзина доизградба и проширување.

## ИЗГРАДБА НА ПРИСТАПКА ПАТЕКА СО ПАВЕР ЕЛЕМЕНТИ ДО СЕКОЈА ЗГРАДА

Со цел подобрување на урбаната инфраструктура и современ и естетски уреден изглед во Урбаните заедници ќе го реализираме проектот за изградба на пристапни патеки со павер елементи до секоја зграда на територија на Општина Гази Баба.

## ИЗГРАДБА НА ПРИСТАПНИ ПАТЕКИ ЗА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Со овој проект предвидуваме изградба на пристапни патеки за инвалидизирани лица со цел да им се овозможи непречен пристап до институциите на системот и јавните објекти низ Општината.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА И АСФАЛТИРАЊЕ НА 100 ЛОКАЛНИ УЛИЦИ

Еден од најголемите и најдолготрајните проблеми со кои се соочуваат граѓаните е недоволната патна инфраструктура. Во изминатиот период асфалтиравме повеќе од 170 локални улици. Во вториот мандат предвидуваме реконструкција и асфалтирање на нови 100 локални улици со што комплетно ќе се реализира проектот „Гази Баба без кал", односно нема да има неасфалтирана улица.

## ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКО РЕКРЕАТИВНА ПАТЕКА ПОКРАЈ ОБИКОЛНИЦАТА ВО СТАЈКОВЦИ

Со цел создавање на современ простор наменет за здрав и активен начин на живот ќе го реализираме проектот за изградба на пешачко рекреативна патека покрај обиколницата во Стајковци. Проектот опфаќа изградба на уредена патека со заштитна ограда и осветлување што ќе овозможи безбедно користење и во вечерните часови.

## ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКО РЕКРЕАТИВНА ПАТЕКА ЦРЕШЕВО – СТАЈКОВЦИ

Населените места Црешево и Стајковци се меѓусебно поврзани со сообраќајница која секојдневно ја користат голем број на жители, но на истата и недостасува пешачка патека. Поради тоа ќе го реализираме проектот за изградба на пешачко-рекреативна патека од Црешево до Стајковци со што ќе овозможиме безбедно пешачење, спортување и рекреација на жителите.

## ИЗГРАДБА НА ЗВУЧНА БАРИЕРА ВО ХИПОДРОМ ДОЛЖ ОБИКОЛНИЦАТА ОД ДЕСНА СТРАНА

Проектот е насочен кон намалување на нивото на бучава од сообраќајот и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните кои живеат во Хиподром во близина на обиколницата. Со изградбата на звучната бариера, се овозможува ефективно намалување на штетните акустични ефекти и создавање на побезбедна и поудобна урбана средина.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПЛОШТАДОТ ВО АВТОКОМАНДА

Плоштадот, како срце на Автокоманда ќе добие нов изглед и содржини кои ќе одговараат на потребите на граѓаните и современите урбани стандарди.

## ИЗГРАДБА НА АДРЕНАЛИНСКИ ПАРКОВИ

Со цел промовирање на здрав начин на живот, спортски активности на отворено и развој на туризмот ќе изградиме адреналински паркови во парк шумата Гази Баба и на Скопска Црна Гора. Реализацијата на овој проект носи повеќекратни придобивки: подобрување на здравјето и физичката активност, поддршка на семејни и групни активности, развој на туризмот и одржлив развој и урбанизација на јавните простори.

## ИЗГРАДБА НА НОВА ОПШТИНСКА ЗГРАДА

Општината има потреба од создавање на современ административен центар кој ќе обезбеди квалитетни услови за работа на општинската администрација и ефикасни услуги за граѓаните.

## ПРОШИРУВАЊЕ НА ГРОБИШТАТА И ИЗГРАДБА НА КАПЕЛА ВО КАМНИК

Со цел обезбедување на достапни и достојни простори за погребување ќе го реализираме проектот за проширување на гробиштата и изградба на капела. Овој проект ќе го реализираме во соработка со АД Бутел.



# ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА ГРАЃАНИТЕ

Економскиот развој е основа за стабилна и просперитетна заедница. И понатаму ќе се залагаме за создавање на поволна бизнис-клима, поддршка на локалните компании и привлекување нови инвестиции кои ќе отворат квалитетни работни места. Преку одговорно управување и стратешки мерки, ќе обезбедиме зголемени приходи за Општината и подобар животен стандард за сите граѓани на Гази Баба.

## ИНФРАСТРУКТУРЕН РАЗВОЈ НА ИНДУСТРИСКАТА ЗОНА СЕВЕРНА ОБИКОЛНИЦА

Индустриската зона со намена за изградба на објекти за лесна и незагадувачка индустрија, дистрибутивни центри, магацини и стоваришта, претставува вистинска можност за домашните и странските компании тука да ги лоцираат своите индустриски капацитети. Индустриската зона е гринфилд-зона, се простира на површина од 284ha и ќе претставува двигател на економскиот развој во Општина Гази Баба и Градот Скопје.

## ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА МАЛИТЕ И МИКРОБИЗНИСИ, ЗАНАЕТЧИИ И СЕМЕЈНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА

Со цел стимулирање на локалната економија, поддршка на претприемништвото и унапредување на социјалната и економската стабилност ќе го реализираме проектот за финансиска поддршка на малите и микробизниси, занаетчии и семејни земјоделски стопанства. Овој проект носи повеќекратни придобивки: поддршка на економски активни лица и семејства, создавање нови работни места, развој на локалната економија, поттикнување на претприемништвото и иновации.

## ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА СТУДЕНТИ ИНОВАТОРИ

Проектот има за цел да поттикне иновации, креативност и претприемништво меѓу студентите, преку обезбедување на финансиска поддршка за развој на иновативни идеи и проекти. Со овој проект студентите добиваат можност: да ја реализираат својата иновативна идеја или прототип, да добијат средства за истражување, материјали и техничка опрема, да развијат вештини за претприемништво, тимска работа и технолошки иновации.

## ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ПОТЕНЦИЈАЛ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Секоја година ќе организираме по еден бизнис форум за промоција на инвестициските потенцијали. На форумот ќе поканиме домашни и странски инвеститори од различни сектори кои покажале интерес за развој. Форумите ќе се реализираат со соработка со Бизнис-клубот на Општина Гази Баба.

## ИЗГРАДБА НА ОТКУПЕН ЦЕНТАР ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

Со цел зголемување на конкурентноста на земјоделското производство од Скопскиот регион, а пред се од Општина Гази Баба во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе работиме на изградба на откупен центар за земјоделски производи.

## РАЗВОЈ НА ДУАЛНИ ТРЕНИНГ ЦЕНТРИ ЗА ТЕХНИЧКИ ЗАНИМАЊА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЧОВЕЧКИОТ КАПИТАЛ

Дуалните тренинг центри треба да помогнат во креирањето на вештини и професионални квалификации на повеќе технички занимања во услови кога се повеќе индустриски капацитети имаат проблем во изнаоѓање на професионалци со потребните вештини и технички квалификации.

## ЛЕТНО ПРАКТИКАНСТВО

Проектот предвидува мобилизирање на 100 млади средношколци и студенти во текот на летниот период да имаат практиканска работа во компаниите во Општина Гази Баба. Низ тој процес младите ќе градат активен однос кон професионалните можности кои ги нудат компаниите и одблиску ќе се запознаваат со очекувањата и барањата на компаниите и пореално ќе ги градат своите професионални преференции.


Lorem ipsum dolor sit amet

# ДИГИТАЛИЗАЦИЈА – СМАРТ (SMART)-ОПШТИНА

Современата општина мора да биде ефикасна, транспарентна и технолошки напредна. Активно ќе работиме на дигитална трансформација на Гази Баба преку воведување на концептот „Smart City". Со паметни решенија во управувањето, услуги достапни онлајн и модерна инфраструктура, ќе ја направиме Општината поповрзана, побрза и поефикасна во служба на граѓаните.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ Е – СЕДНИЦИ НА СОВЕТ

Ќе го подобриме системот Е – Седници на Совет и ќе воведеме електронски седници на Советот со целосна дигитализација на подготовката, закажувањето и водењето на седниците. Секој советник ќе има електронски пристап до материјалите, дневниот ред, записниците и можност за учество, гласање и дискусија без хартија, со можност за онлајн вклучување и целосна електронска евиденција. Секоја седница ќе биде транспарентна, достапна за јавноста и документирана. Паралелно со тоа ќе воспоставиме електронски Службен гласник на Општината, како официјално дигитално место за објавување на сите донесени одлуки, акти, правилници и јавни информации.

## ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ ЗА ГРАЃАНИТЕ

Во соработка со Владата и меѓународни партнери ќе ги дигитализираме најкористените услуги за граѓаните на општинско ниво. Приоритетни услуги за дигитализација ќе бидат: уверение за даноци, потврда за правен статус на објект, одобрение за адаптација, доградба, наградба, аплицирање за социјални услуги, субвенции, согласност за приклучоци на комунални услуги, извод од Детален урбанистички план, согласност за користење на јавни и зелени површини и еднократна парична помош за новороденче.

## Е – СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРЕДМЕТИ

Во соработка со Владата ќе развиеме интегриран систем за електронско управување со документи и процеси. Оваа унифицирана, безбедна и модерна дигитална алатка овозможува целосно електронско управување со документи, предмети и административни процедури во рамки на Општината. Сите документи кои ќе се создаваат, примаат или испраќаат во институциите ќе се заведуваат, евидентираат, обработуваат и архивираат во електронска форма. Системот е наменет да ги замени традиционалните хартиени процедури и архива со електронски потпис и печат, како и дигитална архива. Тоа ќе ја зголеми ефикасноста во комуникацијата помеѓу институциите, времето за обработка, трошоците за печатење и складирање, како и ризикот од човечки грешки или губење на документи.



# МОДЕРНО ОБРАЗОВАНИЕ И ПОДДРШКА НА МЛАДИТЕ

Образованието е темелот на секое успешно општество. ВМРО-ДПМНЕ се залага за квалитетно, модерно и достапно образование кое ќе ги подготви младите за предизвиците на иднината. Преку инвестиции во училишна инфраструктура, дигитализација на наставата и поддршка за наставниот кадар, ќе создадеме услови за образование кое инспирира, мотивира и отвора нови можности за секое дете и млад човек во Гази Баба.

## ИЗГРАДБА НА УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ САЛИ ВО ООУ „ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ ВО ЖЕЛЕЗАРА И ООУ „25 МАЈ“ ВО СИНГЕЛИЌ

Со цел подобрување на условите за образование, создавање современи услови за физичко и здравствено образование ќе го реализираме проектот за изградба на две училишни спортски сали во ООУ „Григор Прличев“ во Железара и ООУ „25 Мај“ во Сингелиќ. Проектот предвидува доврвшување на градбата во ООУ „Григор Прличев“ и изградба на нова сала во ООУ „25 Мај“.

## „КЛИМАТИЗИРАНИ УЧИЛНИЦИ“

Проектот „Климатизирани училници“ има за цел да обезбеди современи услови за образование преку поставување на клима уреди во сите училници во општинските основни училишта на територија на Општина Гази Баба.

## ЕДНОКРАТНА ФИНАНСИСКА ПОМОШ ОД 3000 ДЕНАРИ ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ ЗАПИШАНО ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Овој проект започна да се имплементира во општина Гази Баба во 2022 година и планираме истиот да продолжи и во временскиот период од 2025 до 2029 година. Со проектот Општината доделува 3000 денари еднократна финансиска помош на семејствата кои имаат запишано дете во прво одделение во училиштата на територија на Општина Гази Баба.

## 3000 ДЕНАРИ ЗА ПРВЕНЕЦ НА ГЕНЕРАЦИЈА

Со цел да ја поттикнеме мотивацијата кај учениците и да го наградиме нивниот труд и посветеност, Општина Гази Баба ќе продолжи да го реализира проектот 3000 денари за првенец на генерација. Со овој проект сакаме да испратиме порака дека знаењето, упорноста и трудот се вредности што се почитуваат и наградуваат.

## „НАСТАВНИК НА ГОДИНАТА“

Со цел подигнување на квалитетот на образованието и вреднување на трудот на наставниот кадар, ќе се воспостави традиционален избор на „Наставник на годината“ во Општина Гази Баба. Овој проект ќе ги мотивира наставниците да ја зголемат својата креативност и посветеност.

## СТИПЕНДИИ ЗА 30 ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ

Ќе воведеме стипендии за 30 талентирани ученици од Општина Гази Баба, како форма на признание и поддршка за нивните постигнувања на училишни, општински и државни натпревари по различни предмети. Стипендиите ќе се доделуваат во траење од 9 месеци, со цел да се мотивираат учениците да продолжат со вложување во знаење, учење и натпреварување. Критериумите за доделување на стипендиите ќе бидат јасни и транспарентни, а изборот ќе се врши со јавен повик. Со оваа мерка, Општина Гази Баба вложува во својата највредна сила – младите и талентирани ученици.

## СУБВЕНЦИИ ЗА МЛАДИ ЗА ОБУКА И ПОЛАГАЊЕ ЗА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА Б – КАТЕГОРИЈА

Младите кои сакаат да управуваат возило, мора да имаат возачка дозвола и да бидат одговорни возачи за да имаме безбеден сообраќај за сите. Во таа насока за поддршка на младите идни возачи ќе го реализираме проектот за доделување на субвенции за обука и полагање за возачка дозвола Б – категорија. Субвенцијата ќе биде во висина од 10 000 денари.

## МЛАДИНСКИ ХАБ ВО МАЏАРИ

Целта на проектот е да се обезбеди модерен, функционален и инклузивен простор за младите каде што ќе можат да се развиваат, едуцираат и соработуваат. Со отворањето на младинскиот ХАБ ќе овозможиме: простор за учење, иновации и реализација на младински иницијативи, организирање обуки, работилници и едукативни програми за нови вештини, поттикнување на младинското претприемништво и инспиративно место за дружење и други активности.

## ПОСТАВУВАЊЕ НА ПРИСТАПНИ РАМПИ, ЛИФТОВИ И АДАПТАЦИЈА НА ТОАЛЕТИ ЗА ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСНА ПОПРЕЧЕНОСТ

Со цел унапредување на инклузивноста, обезбедување еднакви можности и подобрување на квалитетот на животот на лицата со телесна попреченост ќе го реализираме проектот за поставување на пристапни рампи, изградба на лифтови и адаптација на тоалети за лицата со телесна попреченост во училиштата. Овој проект е продолжение на заложбите на Општината да создаде општина достапна за сите, за што во 2023 година, Општина Гази Баба беше прогласена за најинклузивна општина во Македонија.

## БЕСПЛАТНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ И СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИТЕ СЕМЕЈСТВА

Со цел обезбедување на еднакви можности за образование, културно и социјално искуство ќе го реализираме проектот за бесплатно учество на екскурзиите за учениците од ранливите категории и социјално загрозените семејства. Овој проект има за цел социјална инклузија и поддршка на социјално загрозените семејства.

## БЕСПЛАТНИ УЧИЛИШНИ УНИФОРМИ ЗА СИТЕ УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

Со цел обезбедување на еднакви можности за образование, намалување на финансиското оптоварување на семејствата и поттикнување на чувството на еднаквост помеѓу учениците од 2023 година го реализираме проектот за доделување на бесплатни училишни униформи за сите ученици од општинските основни училишта на територија на Општина Гази Баба. Со реализација на овој проект, општината покажува грижа за образованието, семејствата и учениците, обезбедувајќи еднакви услови за сите и создавајќи чувство на припадност и заедништво во секое училиште.

## НОВО УЧИЛИШТЕ ВО ИДРИЗОВО

Со изградбата на ново училиште во Идризово, ќе се обезбеди современо, безбедно и функционално образовно опкружување за децата од овој дел на Општината. Ќе овозможиме нормални услови за настава преку современи училници и дополнителни простории за воспитно – образовни активности, а истовремено ќе се намали и преголемата оптовареност на ООУ „Његош“.

## ИЗГРАДБА НА УЧИЛИШНА СПОРТСКА САЛА ВО СТРАЧИНЦИ

Целта на проектот е да се обезбеди современа спортска инфраструктура за учениците од подрачното училиште ООУ „Кирил и Методиј“ во Страчинци. Со реализацијата на овој проект ќе се овозможи редовно оддржување на часовите по физичко и здравствено образование, поттикнување на здрави навики, спортски дух и тимска соработка помеѓу учениците.

## ИЗГРАДБА НА УЧИЛИШНА СПОРТСКА САЛА ЗА ООУ „КРСТЕ МИСИРКОВ“ ВО ЧЕНТО

Целта на проектот е да се обезбеди современа спортска инфраструктура за учениците од ООУ „Крсте Мисирков“ во Ченто. Со реализацијата на овој проект ќе се овозможи редовно одржување на часовите по физичко и здравствено образование, поттикнување на здрави навики, спортски дух и тимска соработка помеѓу учениците.

## ОГРАДА И ПАРКИНГ НА ООУ „ВЕРА ЈОЦИЌ" ВО ХИПОДРОМ

Со цел зголемување на безбедноста на учениците и создавање на уредена училишна околина, ќе го реализираме проектот за изградба на нова ограда и паркинг простор во ООУ „Вера Јоциќ" во Хиподром.

## ИЗГРАДБА НА ЛИФТ ВО ООУ „ДАНЕ КРАПЧЕВ"

Реализацијата на овој проект за изградба на лифт во ООУ „Дане Крапчев" има за цел да обезбеди еднаков пристап до образованието за сите ученици. Со изградбата на лифтот ќе овозможиме полесно и безбедно движење на ученците со попреченост и усогласување со европските стандарди за инклузивно образование и пристапност.

## ИЗГРАДБА НА ЕНЕРГЕТСКО ЕФИКАСНА ФАСАДА НА ООУ „НАУМ НАУМОВСКИ" -БОРЧЕ

Изградбата на енергетско ефикасна фасада на ООУ „Наум Наумовски" -Борче претставува капитален проект кој има за цел подобрување на условите за образование и значително намалување на трошоците за енергија.

## ДОГРАДБА И ПРОШИРУВАЊЕ НА ООУ „25 МАЈ"

Доградбата и проширувањето на ООУ „25 Мај" е проект со кој ќе се одговори на потребите од зголемен број на кабинети за настава со цел обезбедување на современи и квалитетни услови за образование и воспитание.

## ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ ЦЕНТАР ВО ООУ „ДАНЕ КРАПЧЕВ"

Изградбата на спортски центар во ООУ „Дане Крапчев" претставува значаен проект кој има за цел да обезбеди современи и функционални спортски терени за учениците. Проектот предвидува изградба на модерни спортски терени за футсал, одбојка, кошарка и ракомет.

## „ЗЕЛЕНИ КРОВОВИ – СВЕТЛА ИДНИНА"

Проектот „Зелени кровови – светла иднина" има за цел поставување на фотоволтаични панели на крововите на општинските основни училишта и детските градинки со што се создава одржлива и енергетски ефикасна инфраструктура. Придобивките од овој проект се намалување на трошоците за електрична енергија во училиштата и градинките, поттикнување на енергетската ефикасност и одржливи практики во образовните институции и модернизација на училиштата и градинките и создавање на современи, еколошки и одговорни објекти.



# ЗАШТИТА ОД КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Климатските промени претставуваат една од најголемите предизвици на современото време, а заштитата на животната средина е нашата обврска кон идните генерации. Нашата цел е здрава и одржлива средина, каде што секој граѓанин ќе може да живее и работи во хармонија со природата.

## ➤ ИЗГРАДБА НА ПРЕЧИСТИТЕЛНИ СТАНИЦИ ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ВО ЦРЕШЕВО, ИДРИЗОВО И ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

Со цел заштита на животната средина и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и одржлив развој, ќе изградиме пречистителни станици за отпадни води за населените места Црешево, Страчинци, Трубарево, Гоце Делчев, Идризово и Дрма.

## ➤ РАЗВОЈ НА ДИСТРИБУТИВНА ГАСИФИКАЦИОНА МРЕЖА

Изградбата на дистрибутивна гасификациона мрежа во Општина Гази Баба ќе биде императив во услови на нарушени параметри на животната средина. Предност за Општината е што во голем дел е изградена гасоводната мрежа за потребите на индустријата. Со гасоводна мрежа ќе се поврзат сите сегменти на индустријата и оние сегменти на јавниот сектор и приватното домување кои не се поврзани на системот за топловодно греење.

## ➤ ПРОШИРУВАЊЕ НА ТОПЛИФИКАЦИОНАТА МРЕЖА ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Целосно ќе пристапиме кон проширување на топлификационата мрежа во Општина Гази Баба со посебен фокус на Хиподром, Триангла и Автокоманда. Во соработка со надлежните институции ќе работиме на проширување на топлификационата мрежа кон Ченто, Сингелиќ, Стајковци и Керамидница. Целта на овој проект е намалување на загадувањето во Општината и обезбедување на енергетско ефикасни системи на топловодно греење. Овој проект ќе се реализира во соработка со ЕСМ Енергетика.

## ➤ ПОСТАВУВАЊЕ МИНИМУМ 30 ПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ ВО СИТЕ УРБАНИ НАСЕЛЕНИ МЕСТА

Заштитата на животната средина и ставањето на ред во сегментот на комунален отпад и комуналната хигиена е една од најзначајните цели за Општина Гази Баба. За таа цел во соработка со Град Скопје ќе изградиме минимум 30 подземни контејнери во сите урбани населени места во Општината.

## ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЈКП „ГАЗИ БАБА“ 2007 ЗА НАБАВКА НА НОВА МЕХАНИЗАЦИЈА

Со цел поефикасно и поефективно одржување на комуналната хигиена ќе пристапиме кон финансиска поддршка на ЈКП „Гази Баба“ 2007 за продолжување на неговата модернизација преку набавка на нова опрема и механизација. Ќе се изврши набавка на машини за метење и цистерна за перење на локалните улици.

## ИЗГРАДБА НА ПАРК „МАКЕДОНСКО – УНГАРСКО ПРИЈАТЕЛСТВО“

Во насока на унапредувањето на урбаното живеење и создавањето на нови паркови ќе го реализираме проектот за изградба на парк „Македонско – унгарско пријателство“. Проектот за изградбата на овој парк е готов и истиот ќе се гради на улица „Модест Мусоргски“ во Триангла. Паркот ќе претставува симбол на пријателството помеѓу македонскиот и унгарскиот народ. Проектот предвидува современо уредување на зелените површини, пешачки патеки со павер елементи, урбана опрема, и други содржини.

## СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ПРОТИВПОЖАРНИ СИСТЕМИ ВО КОЛЕКТИВНИТЕ ЗГРАДИ

Во насока на унапредување на безбедноста и заштитата на граѓаните ќе го реализираме овој проект за финансиска поддршка при поставување на современи противпожарни системи во колективните станбени згради кои се изградени пред повеќе години.

## СУБВЕНЦИИ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА КУПУВАЊЕ НА ВИСОКОЕНЕРГЕТСКИ КЛИМА УРЕД ЗА ЗАТОПЛУВАЊЕ

Во насока на унапредување на енергетската ефикасност, заштита на животната средина и намалување на трошоците за греење на граѓаните ќе го реализираме проектот за субвенционирање на граѓаните за набавка на високоенергетски клима уреди за затоплување.

## СУБВЕНЦИИ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА НАБАВКА И ВГРАДУВАЊЕ НА СОНЧЕВИ ТЕРМАЛНИ КОЛЕКТОРИ

Во насока на унапредувањето на енергетската ефиканост и промоцијата на обновливи извори на енергија ќе го реализираме проектот за субвенционирање на граѓаните за набавка и вградување на сончеви термални колектори.

## СУБВЕНЦИИ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА НАБАВКА НА ВЕЛОСИПЕД

Проектот има за цел да ја поттикне употребаната на еколошки, одржливи и здрави начини на превоз помеѓу граѓаните. Со намалување на употреба на моторни возила

директно придонесуваме за намалување на аерозагадувањето и подобрување на квалитетот на животот во Општината.

## СУБВЕНЦИИ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ВГРАДУВАЊЕ НА УРЕДИ ЗА ТЕЧЕН НАФТЕН ГАС ВО ВОЗИЛАТА

Овој проект е дел од стратегијата за поттикнување на еколошки и економски одржлив транспорт. Со поддршка на граѓаните за вградување на уреди на течен нафтен гас во возилата се овозможува намалување на загадувањето на воздухот, зголемување на енергетската ефикасност и намалување на трошоците за гориво.

## СУБВЕНЦИИ ЗА ГРАЃАНИТЕ ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ОЏАЦИТЕ

Овој проект е насочен кон подобрувањето на безбедноста, здравјето и квалитетот на живот на граѓаните. Целта е субвенционирање на граѓаните за чистење на оџаците со што се овозможува редовно и правилно одржување на оџаците во домовите.

## СУБВЕНЦИИ ЗА СТЕРИЛИЗАЦИЈА НА ДОМАШНИ МИЛЕНИЦИ

Овој проект е насочен кон подобрување на здравјето на домашните миленици и контрола на популацијата на животните во околината. Преку финансиската поддршка за стерилизација ја олеснуваме оваа постапка за сопствениците на миленици и придонесуваме кон хуман третман на животните.

## СУБВЕНЦИИ ЗА НАБАВКА НА ПЕЛЕТИ

Овој проект има за цел да ја поддржи употребата на еколошки, одржливи и економични извори на енергија за домаќинствата. Со финансиската поддршка за набавка на пелети, се овозможува намалување на трошоците за греење на граѓаните, а воедно и се намалува загадувањето на амбиенталниот воздух.

## СУБВЕНЦИИ ЗА НАБАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНИ ВЕЛОСИПЕДИ

Проектот е насочен кон промоција на одржлив и еколошки транспорт, како и кон поддршка на здрави и активни стилови на живот. Со финансиска поддршка за набавка на електрични велосипеди, се овозможува полесно и поефикасно користење на велосипедите за дневни активности и транспорт со намален негативен ефект врз животната средина.

## ИЗРАБОТКА НА ЛЕАП 3 НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА 2027 – 2033 година

Проектот има за цел развој на стратегиски документ кој ќе ја насочи општината кон одржливо, енергетски ефикасно и еколошко функционирање. ЛЕАП претставува клучен инструмент за планирање и имплементација на мерки кои придонесуваат кон намалување на потрошувачката на енергијата, зголемување на употребата на обновливи извори на енергија и намалување на негативното влијание врз животната средина.

## АЖУРИРАЊЕ НА ИНТЕГРИРАН КАТАСТАР НА ЗАГАДУВАЧИ

Проектот има за цел создавање и одржување на ефикасен и современ систем за следење на субјектите кои придонесуваат кон загадувањето на животната средина на територија на Општина Гази Баба. Со ажурирање на катастарот, општината ќе добие прецизни и релевантни податоци за индустриски, комерцијални и други извори на загадување со цел подобро управување и превенција на штетни влијанија врз здравјето на граѓаните и животната средина.

## ИЗГРАДБА НА КОМПОСТАРА ЗА ОРГАНСКИ ОТПАД

Реализацијата на овој проект има за цел ефикасно и одржливо управување со органскиот отпад од домаќинствата, јавните установи и комерцијалните субјекти. Со воспоставувањето на компостара, општината ќе овозможи трансформација на органскиот отпад во корисен ресурс, како што е природното ѓубриво со што ќе се намали количината на депониран отпад, а истовремено ќе се промовира циркуларната економија.

## ПОСТАВУВАЊЕ НА МЕРНА СТАНИЦА ЗА МЕРЕЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ

Ќе поставиме мерна станица за мерење на квалитетот на амбиентниот воздух која преку софтверска апликација на посебен веб-портал ќе го прикажува квалитетот на амбиентниот воздух. Со поставување на оваа мерна станица ќе започне формирањето на локалната мрежа за мерење на квалитетот на амбентниот воздух. Овој проект ќе го реализираме во соработка со Градот Скопје.

## ПРИМАРНА СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАД ВО РУРАЛНИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА

За реализација на овој проект ќе се поделат канти за примарна селекција на отпадот, односно канти за собирање на пет амбалажа, лименки и хартија.

## НАСТАН „ЧИСТА НЕДЕЛА ВО ГАЗИ БАБА“

Општината во соработка со колективните постапувачи една недела во месец мај на одредени локации ќе организираат привремени собирни пунктови за сите видови на отпад и на граѓаните ќе им се овозможи бесплатно одлагање на отпад.

## „ДРВО ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ“

Започнувајќи од септември 2026 година ќе започне реализацијата на проектот „Дрво за секое дете“, ќе се организира еколошка акција на различни локации за засадување на дрво за секое првоодделенче.

## „ЗЕЛЕН КАТАСТАР“

Проектот има за цел воспоставување на систематизирана и ажурирана база на податоци за зелените површини на територија на општината, вклучувајќи паркови, градини, дрвореди, дрвја и други елементи на урбаната зелена инфраструктура. Катастарот овозможува ефикасно управување, заштита и одржување на зелените површини, како и планирање на нови зелени површини во согласност со потребите на граѓаните и еколошките стандарди.

## „БАЛКАНИЈАДА“ ВО ПЛАНИНСКИ ВЕЛОСИПЕДИЗАМ ВО ПАРК-ШУМАТА ГАЗИ БАБА

Проектот има за цел промоција на спортот, рекреацијата и туризмот преку организација на велосипедска трка на балканско ниво во Парк-шумата Гази Баба. Настанот овозможува активен и здрав начин на живот, го поттикнува спортското натпреварување и ја промовира Општина Гази Баба како место за рекреативни и спортски активности.



# МОДЕРЕН И АТРАКТИВЕН ЛОКАЛЕН ТУРИЗАМ

Локалниот туризам е важен двигател на економскиот развој и промоција на културното богатство на Општина Гази Баба. Се залагаме за развој на современи и иновативни туристички понуди кои ќе ги истакнат природните и културните вредности на нашата општина. Преку подобрена инфраструктура, маркетинг стратегии и поддршка на локалните бизниси, ќе ја направиме Гази Баба привлечна дестинација за домашни и странски посетители.

## „САРАЧЕВО – ПРИРОДНА ОАЗА“

Излетничката зона Сарачево во Раштак ќе прерасне во атрактивна дестинација за рекреација и туризам. Преку модернизација на инфраструктурата, уредување на патеките, поставување на урбана опрема, инфо табли и други рекреативни содржини, проектот ќе овозможи посетителите да го уживаат природното богатство на овој предел од Општина Гази Баба.

## ТУРИСТИЧКО – ИНФОРМАТИВНО БИРО

Во соработка со Град Скопје ќе формираме Туристичко информативно биро за промоција и поддршка на туризмот и угостителството во Општина Гази Баба. Ќе изработиме и пласираме промотивен материјал, брошури и видео материјали за Општината.

## СТУДИЈА ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА СКОПСКА ЦРНА ГОРА

Проектот има за цел создавање на стратешки документ кој ќе овозможи одржлив развој, зачувување и рационално користење на природните, културните и рекреативните потенцијали на Скопска Црна Гора. Студијата ќе овозможи анализа на постојната состојба, идентификување на потенцијални активности и предлози за управување кои ќе придонесат за економски, еколошки и социјални бенефити за општината.

## ПРОМОЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ НА СКОПСКА ЦРНА ГОРА

Промовирање на нашата неоткриена природна убавица, планината Скопска Црна Гора, со тоа што ќе проектираме и изградиме неколку планински патеки со нивно трасирање, означување и поставување урбана опрема. Ќе промовираме повеќе видови планински спортови, рекреација и планински активности интересни за викенд посети.



# СПОРТ

Спортот претставува основа за здрав живот, дисциплина и градење на заедништво, особено кај младите генерации. ВМРО-ДПМНЕ се залага за континуирани инвестиции во спортската инфраструктура, поддршка на млади таленти и промоција на масовниот спорт како дел од секојдневието. Преку создавање на модерни услови за тренирање и натпреварување, ќе овозможиме спортот да биде достапен за сите граѓани на Општина Гази Баба.

## 15 МИЛИОНИ ДЕНАРИ ГОДИШНА ФИНАНСИСКА ПОМОШ ЗА СПОРТСКИТЕ КЛУБОВИ

Спортот претставува клучен сегмент за развојот на младите, промоцијата на здрави животни навики и афирмација на општината на локално, национално и меѓународно ниво. Со реализацијата на овој проект предвидуваме, Општина Гази Баба да издвојува 15 000 000 денари годишно директна финансиска помош за сите спортски клубови, спортисти и спортски здруженија.

## ДОИЗГРАДБА НА СПОРТСКАТА САЛА ВО СТУДЕНСКИОТ ДОМ „СТИВ НАУМОВ“

Со овој проект предвидуваме доизградба на веќе започнатата спортска сала во рамките на Студенскиот дом „Стив Наумов“ која ќе ја ставиме на располагање на граѓаните и спортските клубови од Општина Гази Баба.

## ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ ЦЕНТАР ВО ТРУБАРЕВО

Во насока на подобрување на спортската инфраструктура и создавањето услови за здрав и активен живот, ќе го реализираме проектот за изградба на спортски центар во населеното место Трубарево. Спортскиот центар ќе претставува ново место за рекреација, спорт и дружење на младите, децата и сите граѓани на Трубарево и околните населени места. Проектот предвидува изградба на спортски терени за кошарка, одбојка, ракомет и футсал, фитнес -зона и детско катче со најсовремени реквизити за детска забава.

## ФИТНЕС ЗОНИ

Со цел промовирање на здрав начин на живот, зголемување на физичката активност и создавање пристапни јавни простори за рекреација ќе го реализираме проектот за поставување на фитнес зони. Придобивките од овој проект се: поддршка на здравјето и физичката активност, пристапност и инклузија, социјализација и заедништво и одржлив урбан развој.

## 25 СПОРТСКИ ТЕРЕНИ СО ТАРТАН ПОДЛОГА

Како дел од заложбите за развој на спортот и здравиот животен стил кај младите предвидуваме изградба на 25 нови спортски терени со тартан подлога низ целата територија на Општина Гази Баба. Овие терени ќе овозможат безбедни, модерни и функционални услови за спортување, рекреација и физичка активност за ученици, млади и сите граѓани. Терените ќе бидат поставени во училишни дворови, урбани населби и рурални средини, со цел спортот да стане достапен за секој. Овој проект ќе придонесе за зголемување на физичката активност, дружењето и позитивните вредности во заедницата.

## 8 СПОРТСКИ ТЕРЕНИ СО ВЕШТАЧКА ТРЕВА

Со цел унапредување на спортската инфраструктура и поттикнување на активен живот кај младите, предвидуваме изградба на 8 нови спортски терени со вештачка трева на територијата на Општина Гази Баба. Овие терени ќе обезбедат современи услови за тренирање, натпревари и рекреација во различни спортови, особено фудбал, кој е најзастапен меѓу младата популација. Ќе бидат поставени на локации каде што постои најголема потреба, во близина на училишта, населби и спортски клубови. Проектот ќе придонесе за зголемување на вклученоста на младите во спортот, развој на локални таленти и подобрување на квалитетот на живот во општината.

## СТИПЕНДИИ ЗА 30 МЛАДИ СПОРТИСТИ

Препознавајќи го трудот, дисциплината и талентот на младите индивидуални спортисти, предвидуваме воведување на стипендии за 30 млади спортисти, ученици од Општина Гази Баба. Стипендиите ќе се доделуваат на годишно ниво, во траење од 9 месеци, и ќе претставуваат директна поддршка за развој на нивната спортска кариера и образовен напредок. Преку овој проект, ќе се мотивираат младите да продолжат со посветена работа во спортот, а истовремено ќе се помогне во покривање на дел од трошоците за тренинзи, опрема и натпревари. Стипендиите ќе се доделуваат транспарентно, врз основа на јасни критериуми како спортски резултати, училишен успех и социјален статус. Со оваа мерка, Општина Гази Баба ќе вложува во идните спортски шампиони и ќе покаже вистинска грижа за младите таленти.

## РАЗВОЈ НА УЧИЛИШНИТЕ СПОРТСКИ ЛИГИ

Развојот на училишните спортски лиги ќе продолжи преку доопремување на училиштата со мали атлетски патеки и борилишта во спортските сали во сите основни училишта на територија на општина Гази Баба.



# НЕГУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Културата и културното наследство се темел на нашиот идентитет и духовна поврзаност со минатото. Со зачувување на традицијата и истовремено отворање кон современите културни изрази, ќе создадеме богата и жива културна сцена достапна за сите граѓани.

## КОМПЛЕТНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА ВО КОЛОНИЈА

Со цел зачувување и унапредување на културното наследство, подобрување на условите за организирање на настани и стимулирање на културниот живот на локалното население ќе извршиме комплетна реконструкција на Домот на културата во Колонија.

## ПОДДРШКА НА АНСАМБЛИ И КУЛТУРНО УМЕТНИЧКИ ДРУШТВА

Ќе обезбедиме континуирана поддршка за ансамблите и културно-уметничките друштва во Општина Гази Баба, кои со своето долгогодишно дејствување претставуваат живи чувари на македонската традиција, музика и фолклор. Посебен фокус ќе биде ставен на Ансамблот „Јонче Христовски“ од Автокоманда и КУД „Седенка“ од Булачани, кои со своите настапи, учество на манифестации и работа со млади членови ја збогатуваат културната сцена на Општината. Преку финансиска, логистичка и институционална поддршка, ќе се овозможи одржување на проби, набавка на традиционални носии, музички инструменти и организација на настани.

## МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ „ГАЗИ БАБА"

Ќе ја продолжиме традицијата на оддржување на овој значаен меѓународен фолклорен фестивал кој го промовира македонскиот фолклор и на кој учествуваат голем број културно – уметнички друштва од Европа и светот.

## ИЗРАБОТКА НА МОНОГРАФИЈА „50 ГОДИНИ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА"

Во 2026 година, Општина Гази Баба одбележува значаен јубилеј – 50 години од своето основање. По тој повод ќе го реализираме проектот за изработка и издавање монографија „50 години Општина Гази Баба“, која ќе претставува трајно сведоштво за историјата, развојот и достигнувањата на Општината во изминатите пет децении. Монографијата ќе опфати историски податоци, урбанистички и економски развој, културен и спортски живот, значајни личности, настани и проекти кои што го одбележале растот на Гази Баба од формирањето до денес.

## ПРОМОЦИЈА НА АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ ТУМБА МАЏАРИ

Археолошкиот локалитет Тумба Маџари претставува едно од најзначајните неолитски наоѓалишта во Македонија и е вреден културно-историски споменик на територијата на Општина Гази Баба. Ќе го реализираме проектот за промоција, афирмација и поголема јавна видливост на Тумба Маџари како дел од националното културно наследство, но и како потенцијална туристичка атракција. Во соработка со стручни институции и културни работници, ќе се работи и на дополнителна заштита, уредување и презентација на локалитетот пред пошироката јавност. Овој проект има за цел да го зајакне локалниот културен идентитет и да ја постави Гази Баба на мапата на археолошки и образовни дестинации во државата.



# СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Здравјето и социјалната сигурност се основни предуслови за квалитетен живот на секој граѓанин. Преку подобрување на инфраструктурата, пристапноста и квалитетот на услугите, ќе овозможиме поддршка и грижа за сите кои имаат потреба.

## ➤ 3500 ДЕНАРИ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ СО НИСКИ ПЕНЗИИ

Проектот има за цел доделување еднократна финансиска помош за пензионерите со ниски пензии во висина од 3500 денари. Со еднократната помош директно придонесуваме кон намалување на економската загрозеност и обезбедувањето на основни услови за достоинствен живот на пензионерите.

## ➤ 6000 ДЕНАРИ ЗА СЕКОЕ НОВОРОДЕНЧЕ

Проектот има за цел финансиска поддршка на семејствата со новороденчиња преку финансиска поддршка од 6000 денари за секое новороденче. Оваа мерка претставува израз на грижа и солидарност од страна на Општината кон младите семејства и новородените деца со цел полесно совладување на првичните трошоци што настануваат по раѓањето на дете.

## ➤ СОЦИЈАЛЕН СЕРВИС ЗА НЕГА НА СТАРИ И ИЗНЕМОШТЕНИ ЛИЦА ВО ДОМАШНИ УСЛОВИ

Општината се обврзува да најде практичен модалитет за отворање на социјален сервис на нега за стари лица во нивните домови на подрачјето на општина Гази Баба, притоа ќе им се обезбеди помош и поддршка за достоинствено стареење во рамките на локалната заедница.

## ➤ ГРИЖА ЗА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО

Овој проект подразбира општината да прави мапирање на лицата со инвалидитет и нивните потреби, носење на стратешки планови за лицата со хедикеп, носење на годишни акциски планови за унапредување на состојбата на лицата со инвалидност со конкретни мерки и активности и други проекти кои треба да го олеснат животот на лицата со инвалидитет на локално ниво.

## ➤ ИЗГРАДБА НА НОВИ ЗАНИМАЛНИ ВО ГРАДИНКАТА 25 МАЈ, КЛОН ПОНИ ВО ХИПОДРОМ

Целта на овој проект е проширување на капацитетите и зголемување на бројот на деца кои ќе ја посетуваат детската градинка 25 Мај, клонот Пони во Хиподром. Со

проширување на капацитетите преку изградбата на нови занимални ќе се овозможи поголем број деца да бидат опфатени во воспитно – образовниот процес и создавање на подобри услови за работа на воспитувачките и негователките.

## ПРОШИРУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА ДЕТСКА РАДОСТ ВО АВТОКОМАНДА И ЖЕЛЕЗАРА

Проектот за проширување на капацитетите за згрижување на деца во Детската градинка Детска радост во Автокоманда и Железара се предвидува со изградба на нови занимални. Овој проект ќе обезбеди поквалитетно предучилишно воспитание и образование, ќе го поттикне правилниот развој на најмладите и ќе придонесе за посреќни деца и посигурни родители во општината.



# ЕВРОПА ВО МОЈАТА ОПШТИНА

Европските вредности и стандарди мора да бидат присутни и на локално ниво. Ќе работиме на приближување на Гази Баба до европските практики преку транспарентно управување, искористување на ЕУ-фондови и реализација на проекти што носат конкретни придобивки за граѓаните. „Европа во мојата општина“ значи подобра инфраструктура, чиста животна средина, квалитетни услуги и модерен урбан развој – токму она што граѓаните го заслужуваат.

## ОТВОРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ЕУ ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР

Со цел приближување на европските вредности, можности и информации до граѓаните на Општина Гази Баба, ќе се заложиме за отворање на локален ЕУ -информативен центар. Центарот ќе претставува отворено место за сите граѓани, особено за младите, каде што ќе можат да се информираат за програми, фондови, грантови, стипендии, волонтерски и едукативни можности што ги нуди Европската Унија. Преку соработка со домашни и меѓународни партнери, центарот ќе организира едукативни настани, работилници и советувања, со цел поттикнување на активна граѓанска вклученост и европска свест. Овој проект е дел од визијата за европеизација на локалната самоуправа и практична поддршка на евроинтегративниот процес на Македонија, започнувајќи токму од локално ниво.

## ПАРТНЕРСКИ ПРОГРАМИ ЗА РАЗМЕНА НА ЗНАЕЊА И ДОБРИ ПРАКТИКИ

Ќе иницираме воспоставување на партнерски програми за размена на знаења и добри практики помеѓу Општина Гази Баба и општини од Европската Унија. Преку директна соработка со европски градови и институции, ќе се овозможи пренесување на проверени и ефикасни решенија во областа на локалното управување, урбаниот развој, животната средина, дигитализацијата, образованието и јавните услуги. Овие програми ќе вклучуваат студиски посети, заеднички проекти, едукативни семинари и размена на административен и стручен кадар. Целта е преку практично учење и дијалог да се зајакне капацитетот на локалната самоуправа, да се модернизира општинското работење и да се доближат европските стандарди до граѓаните на Гази Баба.

## ЗАЕДНИЧКИ ЗЕЛЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ СО ОПШТИНИ ОД ЕУ

Се обврзуваме на реализација на заеднички зелени иницијативи со општини од Европската Унија, со цел подобрување на животната средина и одржлив развој на Општина Гази Баба. Преку соработка и размена на искуства со европските партнери,

ќе воведеме иновативни и еколошки прифатливи решенија за управување со отпад, заштита на зелените површини, енергетска ефикасност и чиста животна средина. Овие проекти ќе ја поддржат транзицијата кон зелена и отпорна општина, со фокус на заштита на природните ресурси и промоција на еко-свесност кај граѓаните. Заедничките активности со општините од ЕУ ќе донесат дополнителни финансиски средства, знаење и техничка поддршка, што ќе придонесе за поквалитетен и поздрав живот во Гази Баба.

ВМРО-ДПМНЕ